РЕГИОНАЛНО ГЕОГРАФСКО ДРУШТВО
ГЕОСФЕРА
БИТОЛА

# Да ги заштитиме ПЧЕЛИТЕ за заедничка ИДНИНА




*Проф. д-р Никола В. Димитров*
*М-р Мите Ристов*

## ПРОИЗВОДСТВО НА МЕД

| Пчелни семејства | | Просечно производство на МЕД | |
|---|---|---|---|
| Година | Пчелни семејства | Вкупно во тони | кг по кошница |
| 2008 | 61705 | 775 | 13 |
| 2009 | 53439 | 791 | 15 |
| 2010 | 76052 | 825 | 11 |
| 2011 | 65277 | 1105 | 17 |
| 2012 | 52897 | 603 | 11 |
| 2013 | 68294 | 784 | 12 |
| 2014 | 73869 | 723 | 10 |
| 2015 | 73960 | 688 | 9 |
| 2016 | 81476 | 834 | 10 |
| 2017 | 75406 | 395 | 5 |
| 2018 | 81197 | 475 | 6 |




Пчелата – пријател на земјоделецот

**Медот е главен производ на пчелите, а се добива и прополис, пчелни отров, матичен млеч и др.**

Пчелата има суштинска улога во опрашувањето на расцветаните растенија, вклучувајќи ги и насадите. 1/3 од храната што ја јадеме зависи од опрашувањето, вклучувајќи ги бадемите, јаболката, бобинките, краставиците, бостанот, други овошки, градинарски и други култури .

**Опрашувањето на тутунот му дава поголема отпорност и поголем род!**

Во Македонија се произведуваат различни видови на мед како што се: цветен, ливадски, боров, костенов, дабов, шумски, багремов, липа, жалфија, итн.

**Постои и мед со непријатен мирис на пример мед од див тутун со малку горчлив вкус. Првенствено производот е од дивите пчели кои градат свое гнездо и го обликуваат.**

# Пчеларството како профитабилен бизнис

***Дали е профитабилно или не?***

Одгледувањето пчели како бизнис е многу ветувачка и прилично профитабилна окупација. Доколку имате најмалку 100-150 пчелни колонии профитабилноста е 20%. Денес во Македонија има околу 90.000 автохтон род на пчелни семејства.

***Можни ризици и загуби:***

1. Ризици кои не зависат од пчеларот:
- ладно и жешко лето
- чести дождови, град, силни ветрови
- кражби, пожари, намерни саботажи од странци
- природни катастрофи

2. Ризици кои се можни со човечка интервенција:
- случајна загуба на кралицата пчела
- запоставена состојба на пчелниот рој
- груба инспекција на пчелните колонии

# Карактеристики на водење бизнис

- користење на субвенции за одгледување на пчели (над 35 семејства е 600 ден. по семејство) Дополнително субвенционирање има за руралните населени места
- пчелите можат да се купат од искусни пчелари заедно со кошниците (30-40 евра по кошница/сандак)
- препорачлив период за купување на пчелни семејства е периодот од крајот на април завршувајќи со мај
- едукација на пчеларот под менторство на искусен пчелар
- производство на здрава храна за себе а потоа и за продажба што резултира со збогатување на семејниот буџет
- изработка на бизнис план на пчеларник со пресметки за производство (мед, восок, полен, прополис и сл.), и продажба врз принципот на профитабилност

# Производи од пчеларењето

- Мед
- Матичен млеч
- Прополис
- Полен
- Индиректни производи:
  - сапун
  - лосиони
  - креми
  - сирупи






# Природно географски карактеристики на локацијата на пчеларникот

За успешно одгледување и развој на пчеларникот потребна е правилна локација на пчеларникот

1. <u>Каде да се лоцира пчеларникот ?</u>

- доволна утринска светлост и топлина за рано летање
- не треба цел ден да бидат изложени на Сонце
- пожелно е да бидат сместени на локација со дрва, овоштарник и еколошки незагадена средина
- излезот на пчелите за лет од кошницата треба да биде лоциран на југоисток
- рамен или ридски терен со мал наклон
- во непосредна близина да има дрвја и разновидна цветна вегетација
- да се избегнува градба на пчеларник во близина на автопат, железничка пруга, аеродром, (оддалечен најмалку 100 метри), локален пат (најмалку 20 м) сточарска и други фарма (најмалку 500 метри), големи акумулации и индустриски претпријатија (најмалку 100 метри), од училишта, спортски терени, населби и слично (најмалку 100 метри)

# Природно географски карактеристики на локацијата на пчеларникот

За успешно одгледување и развој на пчеларникот потребна е правилна локација на пчеларникот

1. <u>Каде да се лоцира пчеларникот ?</u>

- пчеларникот треба да биде во простор каде има благо струење на воздухот – проветливост
- кошниците во пчеларникот да бидат издигнати над земја (15-30 см) и по правило благо наведнати на напред за да нема задржување на влага во кошницата
- тревата околу пчеларникот да биде покосена за да нема влажност, препреки од висока трева за пчелите и со тоа ќе нема штеточинци на пчелите
- на секои 10 кошници да има поголем празен простор за ориентир на пчелите или пак другите кошници да бидат со друга боја, или пак да бидат малку повисоки
- сандаците се поставуваат во редови, еден до друг сандак оддалеченост од 0,5 м , а меѓу редовите од 3 до 4 метри. Со пчеларење пожелно е да се започне со најмалку 4 сандуци
- земјоделците кои сакаат да одгледуваат пчели тоа можат да го прават и во непосредна близина на нивите, овоштарниците, лозја и сл. само да се внимава со користењето на инсектицидите кои можат да и наштетат на пчелата.

# Повеќе информации за пчеларењето на интернет порталите:

pcelar.mk
pcela.mk
medno.mk
beehoneyportal.com

pcelarnikbn.com
apicentar.com.mk
pcelarstvo.hr

---

„Во моментот кога ќе ги снема пчелите на Земјата, на човештвото му остануваат само уште 4 год. живот"!

Алберт Ајнштајн